*Република Северна Македонија*
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Арх.бр. 02-184/3
24.02.2024 година

Врз основа на член 12, став 1, точка 18; член 15, став 1, точка 24 и член 41, став 1 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери и Одлука бр.02-193/3 од 19.02.2024 година донесена од Управниот одбор на Комората, Собранието на Комората донесе

# ОДЛУКА

за избор на членови на Дисциплинската комисија на Комората

1. За Претседател, негов заменик и членови на Дисциплинската Комисија на Комората се избираат:
   - Ратко Станојковски, Одд.Електротехника - Претседател,
   - Драган Ѓорѓевиќ, Одд.Машинство - Заменик претседател,
   - Горан Едровски, Одд.Градежништво – Член,
   - Д-р Сашо Блажевски, Одд.Архитектура – Член,
   - Марина Стојмановска, Одд.Урбанизам – Заменик член и
   - Д-р Спасен Ѓорѓиевски, Одд.Геотехника – Заменик член.
2. Мандатот на Комисијата започнува на 24.02.2024 година, а истекува заедно со мандатот на другите комисии, односно во 2025 година.
3. Надоместот на членовите на комисијата за нивниот ангажман се исплаќа согласно Правилникот за надомест на посебните трошоци на членовите на Комората и другите лица бр.02-185/7-2 од 29.02.2016 година.
4. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седници на Собранието одржани во мај и јуни 2021 година, Собранието на Комората донесе Одлука за избор на членови на Дисциплинска комисија на Комората заверена со арх.бр.02-483/6 од 29.05.2021 година и Одлука за избор на позиции и раководни структури во Дисциплинска комисија на Комората заверена со арх.бр.02-543/11 од 15.06.2021 година. Во точка еден од двете Одлуки стои дека мандатниот период на Дисциплинската Комисија е од 2021 до 2025 година, што реферира на период од 4 (четири) година, додека согласно член 41, став 1 од Статутот на Комората мандатот на членовите трае 2 (две) години со право на реизбор.

Одлуките погоре цитирани со кои се избираат Претседателот, негов заменик и членовите на Дисциплинската комисија се спротивни на член 41, став 1 од Статутот на КОАИ поради тоа што Претседателот и членовите се избрани со мандат од 4 години, а во Статутот на Комората е предвидено дека тие се бираат со мандат од 2 години, при што ваквата Одлука е спротивна на Закон и Статут на Комора, а со тоа е ништовна.

Поради горенаведеното Собранието на Комората одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседавач на Собранието на Комората,**
Неџат Бајрами

**Одлуката да се достави до:**

- Именуваните,
- Претседавачот на Собранието,
- Стручната служба и архивата на Комората

Изработил: ИС, АМ

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-193/3
19.02.2024 год.
СКОПЈЕ

*Република Северна Македонија*
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

19.02.2024 година

Врз основа на член 12 став 1 точка 18, член 15 став 1 точка 24 и член 41 став 1 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Управниот одбор на Комората на 45. Седницата одржана на 19 февруари 2024 година донесе

# ОДЛУКА

## за Претседател, негов заменик и членови на Дисциплинската комисија на Комората

1. За Претседател, негов заменик и членови на Дисциплинската Комисија на Комората се предлагаат:
   - Ратко Станојковски, Одд.Електротехника - Претседател,
   - Драган Ѓорѓевиќ, Одд.Машинство - Заменик претседател,
   - Горан Едровски, Одд.Градежништво – Член,
   - Д-р Сашо Блажевски, Одд.Архитектура – Член,
   - Марина Стојмановска, Одд.Урбанизам – Заменик член и
   - Д-р Спасен Ѓорѓиевски, Одд.Геотехника – Заменик член.
2. Мандатот на Комисијата започнува по одлука на Собранието која ќе се донесе на следната собраниска седница планирана на 24.02.2024 година, а истекува заедно со мандатот на другите комисии, односно во 2025 година.
3. Надоместот на членовите на комисијата за нивниот ангажман се исплаќа согласно Правилникот за надомест на посебните трошоци на членовите на Комората и другите лица бр.02-185/7-2 од 29.02.2016 година.
4. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното потпишување.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седници на Собранието одржани во мај и јуни 2021 година, Собранието на Комората донесе Одлука за избор на членови на Дисциплинска комисија на Комората заверена со арх.бр.02-483/6 од 29.05.2021 година и Одлука за избор на позиции и раководни структури во Дисциплинска комисија на Комората заверена со арх.бр.02-543/11 од 15.06.2021 година. Во точка еден од двете Одлуки стои дека мандатниот период на Дисциплинската Комисија е од 2021 дод 2025 година, што реферира на период од 4 (четири) година, додека согласно чл.41 став 1 од Статутот на Комората мандатот на членовите трае 2 (две) години со право на реизбор.

Одлуките погоре цитирани со кои се избираат Претседателот, негов заменик и членовите на Дисциплинската комисија се спротивни на член 41 став 1 од Сатутот на КОАИ поради тоа што Претседателот и членовите се избрани со мандат од 4 години, а во Статутот на Комората е предвидено дека тие се бираат со мандат од 2 години, при што ваквата Одлука е спротивна на Закон и Статут на Комора, а со тоа е ништовна.

Поради горенаведеното од страна на Управниот Одбор на Комората се пристапи кон давање на предлог до Собранието на Комората за избори и именување на нов Претседател, негов заменик и членови на Дисциплинската комисија.

**Претседател на Управниот одбор**
М-р Кристинка Чулак

**Одлуката да се достави до:**

- Претседавач и Собрание на Комората,
- Архивата на Комората

Изработил: ИС, АМ